***Гласање преку полномошник***

Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието, со писмено полномошно, согласно Законот за трговските друштва.

За полномошник не може да биде овластено лице кај кое постои ризик да има интерес поинаков од интересот на акционерот од кого добил овластување да биде негов полномошник (конфликт на интерес). Конфликтот на интерес се утврдува согласно важечката законска регулатива.

Овластувањето на полномошникот акционерите го вршат со пополнување образец за гласање преку полномошник кој е достапен за преземање на интернет-страницата на Банката www.sparkasse.mk.

Полномошното мора да содржи целосни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот и нема обврска да биде заверено на нотар.

Акционерите се должни за секое дадено полномошно, веднаш да ја известат Банката, во спротивно, ќе се смета дека не го дале полномошното. Известувањето се врши со доставување целосно пополнет образец на еден од следните начини:

- По електронски пат, на е-мејл адреса: mlkabinet@sparkasse.mk кога се доставува копија од пополнетиот образец во скенирана форма или
- По писмен пат, на адресата на Банката кога се доставува копија на пополнетиот образец:

Шпаркасе Банка АД Скопје
„Васил Иљоски“ бр. 14
1000 Скопје
со назнака “За Кабинетот на УО”

Полномошникот е должен при евиденцијата на своето присуство на Собранието да го предаде полномошното во писмена форма, во оригинал, и да презентира документ за идентификација – лична карта или пасош.

Банката може дополнително да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно верификација на инструкциите за гласање.

Полномошникот ги ужива истите права како и акционерот од кого е овластен со полномошното, вклучително да се јави за збор, да води дискусија и да поставува прашања на седницата на Собранието.

**Шпаркасе Банка АД Скопје**